# Годишен наративен извештај

**Легис-Скопје**

Јануари, 2021 г.

## Табела


| | |
|---|---|
| Вовед | 2 |
| 1. Хуманитарна помош | 3 |
| 2. Човекови права и слободи | 4 |
| 3. Млади | 5 |
| 4. Постигнати резултати | 6 |

## Вовед

Работата на Легис во 2020 година беше одбележана со дополнителна локална хуманитарна, покрај бегалската криза која трае од 2015 година. Имено, во текот на годината, работата на Легис значително се зголеми во целосна поддршка на локалното население во висок социјален ризик, затоа што ефектите од пандемијата на вирусот КОВИД-19 ја погоди токму оваа категорија на граѓани. Во однос на минатата 2019 г. локалните потреби на населението се зголемија од хуманитарна помош во дневна дистрибуција на леб, неделни топли оброци, облека и дневна достава на заштитни маски, ракавици и средства за дезинфекција и хигиена, а заради вирусот и потребата од зајакнување на имунитетот на луѓето, делење на пакети со свежо овошје. Потребите на локалното население и луѓето во миграција и барателите на азил беа пресретнати на терен од страна на тимот на Легис и неуморната работа на волонтерите.

Оваа година Легис имаше разновидни активности и целни групи на повеќе локации во државата со цел да ги пресретнеме нивните потреби. Така, оваа година бевме присутни на шест клучни локации во Македонија: пограничните транзитни центри Табановце во Куманово на северната граница и Винојуг во Гевгелија на јужната граница, набљудување на ирегуларна миграција во Липковскиот регион со мобилен тим, во Центарот за баратели на азил Визбегово во Скопје, Центарот за странци Гази Баба во Скопје и дневна достава на хуманитарна помош за локално население во седиштето на организацијата во Скопје. Легис работеше на национално мобилизирање на млади, но и со партнерски организации од различни држави низ Европа.

Во 2020-та се фокусиравме на обуките на младите за интеркултурализмот, толеранцијата и борбата против дискриминацијата. Човековите права и понатаму беа во фокус на активностите и на извештаите кои ги објавуваме неделно и месечно на веб-страницата. Поддршката на социјално ранливите категории во нашето општество остана една од нашите мисии на делување посебно во времето на пандемијата кога голем број на наши сограѓани останаа без работа и имаа потреба од помош.

Тимот на Легис ви посакува солидарна и подобра 2021 г.

## 1. Хуманитарна помош

- **Проекти и донатори**

Според своите принципи на работа и вредности, Легис продолжи и во текот на 2020 година да собира и дистрибуира хуманитарна помош за бегалците и луѓето во ирегуларна миграција и локално население во висок социјален ризик на шест локации: пограничните транзитни центри Табановце во Куманово на северната граница и Винојуг во Гевгелија на јужната граница, набљудување на ирегуларна миграција во Липковскиот регион со мобилен тим, во Центарот за баратели на азил Визбегово во Скопје, Центарот за странци Гази Баба во Скопје и дневна достава на хуманитарна помош за локално население во седиштето на организацијата во Скопје.

Финансиската поддрша за хуманитарните активности на ЛЕГИС, е од домашни и странски донатори, од правни и физички лица кои донираат парични средства, но и потребни прехрамбени, хигенски и др. продукти.

**НИЕ МОЖЕМЕ - Итна солидарна акција**, проект поддржан од Цивика Мобилитас за периодот: 01.05.2020 до 30.06.2020. Помош за ранливите категории на граѓани поуспешно да се справат со проблемите, предизвиците и последиците од пандемијата на КОВИД-19. На 100 семејства им беше обезбеден пакет со прехрамбени и хигиенски продукти.
Во текот на месецот Рамазан, ЛЕГИС покрена акција **„Донирај ифтар-сподели надеж“** каде рамазанската вечера беше споделувана со сите бегалци и мигранти кои се наоѓаа на територијата на Северна Македонија, исто така секојдневно на повеќе од 170 луѓе од социјално загрозени семејства им беа делени рамазански вечери – ифтари во облик на топол оброк. На акциите присуствуваа голем број на волонтери и донатори со што се градеше општество на солидарност.

Благодарение на донациите на социјално одговорините фурни и пекари секојдневно на повеќе од 60 семејства им се дели по 2 или повеќе векни леб.

За време на викендите се доставуваат топли оброци, овошје и додатоци на храна во Центарот за баратели на Азил - Визбегово и Прифатниот центар за странци - Гази Баба.

Пакети со прехрамбени и хигиенски производи се делат на повеќе од 100 семејства еднаш во месецот.

**To Macedonia with love,** Благодарение на иницијативата за собирање средства од страна на дијаспората, добивме донација за социјално загрозени семејства од различни етникуми во повеќе

градови во Македонија, при што беа поделени 120 пакети со прехрамбени производи и 165 детски новогодишни пакетчиња.

**Active and Safe – humanitarian emergency response for the most vulnerable**, проект поддржан од Норвешката амбасада во Белград и организацијата Група 484 од Белград за период од 01.07.2020 до 31.01.2021 г. Во рамките на овој проект беа обезбедени топли оброци за Центарот за баратели на азил Визбегово, Прифатниот центар за странци Гази Баба и Транзитниот центар Винојуг во Гевгелија, а воедно и за потребите на локалното население од социјален ризик во Скопје, беа обезбедени и свежо овошје на дневна основа, пакети со средства за лична хигиена (четка и паста за заби, антибактериски течен сапун, шампон, антибактериски гел, маски, ракавици, хигиенски влошки, памперси, антибактериски влажни марамчиња), машка, женска и детска долна облека и чорапи.  За Центарот за баратели на азил Визбегово и за Транзитните центри Винојуг и Табановце, беа обезбедени мултифункционални справи за подобрување на психо-физичката состојба на сместените во центрите, како и други игри за подобрување на менталното и физичкото здравје, спроведено со стручни лица и тренери.

Итна медицинска помош за здравствените работници во Здравствените центри во Нови Пазар, Тутин, Сјеница и Рибариќе, во Република Србија, во време на кулминација на бројот на заболени во регионот на Санџак кон крајот на летото 2020 година. Донацијата беше обезбедена од наши сограѓани кои се по потекло од тие места, а сакаа да им помогнат на здравствените работници во тешката борба против вирусот. За таа цел се испратени пакети со ракавици, маски, визири, комбинизони, и средства за дезинфекција.

## 2. Човекови права и слободи

- **Проекти и донатори**

**Следење на пристапот до човековите права на бегалците и мигрантитево Република Северна Македонија,** во Транзитно Прифатните Центри Винојуг и Табановце, проект поддржан од Цивика Мобилитас за периодот: 01.06.2020 до 30.11.2020. Во рамките на проектот, објавен е 6-месечен извештај, кој е доставен до соодветните државни институции и може да послужи како документ со кој ќе се креираат идните миграциски политики во државата.

**Институционален грант** поддржан од Цивика Мобилитас со времетраење од 01.07.2020 до 30.06.2022. Здружение на граѓани Легис во рамките на финансиската поддршка од Цивика Мобилитас во наредните 2 години ќе работи на „Институционално јакнење и унапредување на работата на организацијата“ во обезбедување хуманитарна, правна и друг вид на поддршка за социјално ранливи групи во Република Северна Македонија. Институционалната поддршка за

јакнење на капацитетите на локални организации како што е Легис е од особена важност, имајќи ја предвид социјалната и економска криза која како резултат на пандемијата на вирусот Ковид-19 најповеќе ги погоди ранливите групи  со кои здружението е во секојдневен контакт. Со поддршката, здружението ќе може да подобри и развие нови програми  за промоција на граѓански вредности како што е волонтирањето, развие инклузивен процес на соработка со сродни локални организации за застапување на ранливи категории, подобри внатрешни административни и други практики итн.

## 3. Млади

- **Проекти-донатори**

**„Младите можат. младите знаат“-** Проект поддржан од Владата на Република Северна Македонија. Проектот имаше за цел преку промовирање на вредностите и придобивките на Охридскиот рамковен договор да придонесе кон изградба на култура на почитување на човекови права. Проектот ги имаше следните посебни цели: да ја запознае јавноста со придобивките од Охридскиот рамковен договор; да ја промовира културната различност како една од најголемите вредности на современите демократски општества; промовира зголемено младинско учество во адресирањето на проблеми од заедничка грижа и креирањето на политиките на локално и национално ниво; промовира современи методи на неформално образование со млади луѓе. Преку три дводневни работилници одржано во Скопје, Тетово и Струга, младите од цела Северна Македонија креираа идеи, кои понатаму низ социјалните мрежи беа спроведи, со цел поттикнување на толеранција и соживот. Времетраење на проектот од 03.10.2019 до 20.06.2020

**Start Up Factory,** социјално претприемништво кај млади и мобилност проект поддржан од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Главната цел на проектот беше да се зголеми квалитетот на услугите за младинска работа за мигрантите, но и за бегалците преку едукација на младинските работници со додатни компетенции неопходни за развој на социјално претприемништво кај младите. Проектот се одржа во Дојран, како и во Транзитниот центар Винојуг во Гевгелија, а учество зедоа млади од Северна Македонија, Германија, Шведска, Италија, Турција и Шпанија. Времетрањето на проектот od 01.08.2019 do 31.03.2020.

**Подобрени можности за неформално учење за барателите на азил, бегалците и мигрантите кои престојуваат во Република Северна Македонија**, проект финансики поддржан од ИРИС, мрежа за унапредување на социјалните услуги. Проектот имаше за цел креирање на програма и прирачник за неформално образование, кое може да се користи за децата и младите во движење но и при соочување со кризи, каде младите и студентите ќе бидат надвор од образовниот систем. Времетраење на проектот: од 15.07.2019 г. до 15.07.2020 г.

## 4. Постигнати резултати

**Во 2020 се грижевме за социјално ранливи категории на граѓани од три општини, луѓе во миграција и бегалци, а како организација поделивме:**

5000 парчиња облека (женска, машка и детска, чорапи, капи, шалови, ракавици... 800 пара чорапи, 1500 парчиња долна облека), 300 пара кондури, 6 колички за деца, 6 инвалидски колички, 10 кенгури за бебиња, Риско чоколади од 500 гр. – 672 пакувања, Риско чоколади од 25 гр. – 1770 пакувања, Ресана од 500 гр. – 2300 пакувања, Чипс од 150 гр. – 660 пакувања, Чипс од 60 гр. – 572 пакувања, Брускети марети – 864, бебешки кашички – 180, детски-бебешки сокови – 180, мусли рефус – 190 кг, Овошје (банани, јаболки, портокали, круши и мандарини) = 4 тона, Топли оброци – 7633 (410 за локално население, 3743 за бегалците во камповите, 3480 Рамазански вечери поделени за време на месецот Рамазан), 500 антибактериски течни сапуни, 5000 заштитни маски, 5000 заштитни ракавици, 1000 пакувања влажни марамчиња, 100 пакувања пелени за возрасни, 300 пакувања пелени за деца, 1000 пакувања хигиенски влошки, 500 четки за заби, 500 пасти за заби, 850 пакети со прехрамбени и хигиенски продукти, 165 детски новогодишки пакетчиња, секој работен ден во текот на целата година по 120 векни леб.





*МОБИЛИЗИРАЊЕ И ЈАКНЕЊЕ НА ЛОКАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ ВОЛОНЕРИ*

Како и во претходните години, така и во 2020-та работата на Легис во голема мерка се потпираше на волонтерскиот ангажман. За таа цел, имаме отворен повик за волонтери на веб-страницата на Легис, каде што може да се пополни формулар за апликација и да ни се испрати. Како резултат, примивме над 50 апликации и за жал поради затворените граници како последица на пандемијата на КОВИД-19 бевме домаќини на само еден меѓународен волонтер од САД и над 20 волонтери од Македонија со што се градеше општество на солидарност. Локалните волонтери волонтираа во просториите на Легис во Скопје, додека пак волонтерката од САД која пристигна во јануари, а си замина пред почетокот на пандемијата, волонтираше во транзитниот центар Табановце.

На крајот од оваа година, Легис ја започна дигиталната кампања „Сложни граѓани, општество градат“ во која се прикажуваат лични приказни на локални и меѓународни волонтери кои дале голем општествен придонес, а со цел да ги поттикнеме граѓаните да се солидаризираат, волонтираат и помагаат меѓусебно за подобрување на општествениот и заеднички живот.

*ХУМАНИТАРНИ И МИГРАЦИСКИ КРИЗИ*




Имајќи предвид дека 2020 година ја одбележа светската хуманитарна криза предизвикана од пандемијата на вирусот КОВИД-19, како и тековната миграциска и бегалска криза, Легис го зајакна своето присуство на терен за да обезбеди превентивни и заштитни продукти од

вирусот за локалното население во социјален ризик и луѓето во миграција и/или баратели на азил во државата. Воедно, Легис ја продолжи својата работа во пограничните кампови, Табановце-Куманово и, Винојуг-Гевгелија, како и во Центарот за баратели на азил Визбегово и Центарот за странци Гази Баба, во набљудување на човекови права и слободи и обезбедување на хуманитарна и друга помош за превенција од вирусот КОВИД-19.

***ВИДЛИВОСТ И КОМУНИКАЦИЈА***

Легис споделува детални резултати од својата работа и активности на веб-страницата www.legis.mkи, страниците на социјалните мрежи и медиуми на: „Фејсбук“, „Инстаграм“ , „Твитер“ и, видео-каналот на организацијата на „Јутјуб“. Организацијата објавува бројни статии, видеа, фотографии, извештаи за резултатите од секоја активност на тимот на Легис и волонтерите кои неуморно ги поддржуваат активностите на терен.



Покрај тоа, Легис соработуваше со повеќе медиуми кои објавија соопштенија за печатот, вести и информации за работата на организацијата. Еден од основните принципи на кои се придржува Легис во хуманитарна работа е одговорност: кон нашите партнери, целните групи, јавноста и секој заинтересиран субјект за она што го правиме.

Од 01 јануари, 2020 г. до објавата на извештајот, над 350 објави може да се најдат на „Фејсбук“ и веб-страницата на Легис. Овие натписи вклучуваат статии, видеа, извештаи, сведоштва, отворени повици, покани за настани, фотографии од активности, учество во настани, сите со цел да ги споделат резултатите од нашата работа, да зборуваат за потребите на луѓето во миграција и баратели на азил за нивните права и заштита, и други целни групи со што се подига свеста за нивните секојдневни тешкотии со кои се соочуваат и оправдувајќи го атрибутот кој ни беше даден: Гласот на безгласните.